


Драган Ташковски (10. IX 1917 - 16. IX 1980) е македонски историчар и публицист. Бил учесник во НОАВМ, а по Ослободувањето вршел разни општествено-политички функци. Одбранил хабилитационен труд под наслов „Кон етногенезата на македонскиот народ" (Скопје, 12. IV 1975) и бил избран во звањето виш научен соработник.

Драган Ташковски е роден на 10 септември 1917 година во Скопје, за време на Првата светска војна. Основното и средното образование ги завршил во родниот град. За време на Втората светска војна учествува во НОАВМ.

По Ослободувањето Ташевски го завршил Високото образование во Белград и Скопје. Во 1975 година на Универзитетот во Скопје ја одбранил хабилитациската теза на тема „Кон етногенезата на македонскиот народ", по што е избран за виш научен соработник.

Тој извршувал различни функции во Социјалистичка Република Македонија. Бил учител и директор на Политичката школа при ЦК на Сојузот на комунистите на Македонија; Професор по социологија на Земјоделско-шумарско-медицинскиот факултет во Скопје; Претседател на Друштвото на филозофи и социолози на СР Македонија; претседател на Комисијата на Извршниот комитет на Претседателството на ЦК на СКМ за идеолошко-политичко оспособување на организации и членови на СКМ; директор на Институтот за социолошки и политичко-правни студии во Скопје.

Некои од неговите позначајни дела се: „Раѓањето на Македонската нација“, 1966, „Етногенеза на македонскиот народ“, Скопје, 1974; „За македонската нација“, Скопје, 1976. Во 1979 година ја напишал својата последна книга, која останала незавршена и необјавена додека бил жив (1980), но во 1985 година постхумно била објавена под наслов „Македонија низ вековите“.

Во својата книга посветена на  „Раѓањето на Македонската нација“ (НИП „Нова Македонија“, Скопје, 1966, стр.171 - 172), македонскиот историчар и социолог Драган Ташковски, за името Македонци и значењето на поврзаноста со античките Македонци пишува:

„Името Македонец во ова време во суштина стана не само синоним на словенскиот национален индивидуалитет во Македонија, туку брана против бугарскиот, грчкиот, а подоцна и српскиот напад. Старата македонска слава што ја воскреснуваа овие луѓе „од народни низни“, наречени македонисти, многу силно влијаеше врз македонските умови. Свеста дека не се Бугари, ниту Грци, ниту Срби, туку Македонци, потомци на старите Македонци, не само што го исполнуваше „простиот“ човек со гордост, туку тоа му беше и најсилно средство за самоодбрана од туѓите напади. Тоа на македонскиот човек, кој со векови беше потиснуван, му годеше, бидејќи во старомакедонската слава ги најде своите историски рамки и оправдување за своето постоење, а в о нејзиното име гледаше гаранција за блескавата иднина и опстанок, токму во времето кога не само Грците, туку и Бугарите со голема сила удрија по нивната самобитност. И кога велиме дека со овие луѓе почнува вистинската преродба на македонскиот народ, тоа не е само фраза туку факт, бидејќи тие првпат ги изложија на модерни основи народните македонски политички идеи, кои не само што дотрајаа до денеска, туку и однесоа победа над сите други идеи.“.

Драган Ташковски починал на 16 септември 1980 година на Хвар.



подготвил: Т.К.